Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

10-11-2020

44-8938/2

**До: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)**
**ул.Никола Парапунов бр.41А**
**Скопје**

Бр. 11- 2191/1
Скопје16.10.2020годинаа

ПРЕДМЕТ: Известување

До Министерство за правда, доставено е барање на мислење по однос на Вашата предлог-иницијатива „Реформирање на системот на државно финансирање на граѓанските организации" . Во врска со наведенат иницијатива, Министерството за правда го дава следното:

**МИСЛЕЊЕ**

Со поднесената иницијатива, се предлага Владата на Република Северна Македонија својот фокус на интерес да го задржи на два битни елементи и тоа: Зголемено државно финансирање на фраѓанските организации и Реforни на системот на доделување на средства за граѓанските организации.

***

Со Законот за здруженија и фондации (" Службен весник на Република Македонија", бр. 52/10, 135/11 и 55/16) се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во државава, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес.

Согласно член 14 од законот, Организациите можат слободно да ги искажуваат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи и да учествуваат во градење на јавно мислење.

Во член 49 од законот е уредено дека организациите можат да добиваат средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Владата на Република Македонија и советите на општините,


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
1828

советите на општините во градот Скопје и советот на градот Скопје поблиску ги уредуваат условите за распределба и користење на средствата од ставот (1) на овој член.
Владата на Република Македонија, односно надлежните органи на државната управа и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата од ставот (1) на овој член.
Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на својата веб - страна ги објавуваат организациите кои ги добиле средствата од ставот (1) од овој член како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства.

***

Со предлог иницијативата се очекува зголемена соработка меѓу граѓанските организации и Владата преку воспоставување на транспарентност и отчетен начин на ртаспределба на средствата од буџетот.

Согласно програмат за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024 делот „Демократија која работи за граѓаните" предвидени се реформи во системот на државно финансирање на граѓанските организации, истите регулирани со постоечките закони, се со цел зголемување на државното финансирање на граѓанските организации.

Во контекст на погоре изнесеното а во однос на предложените законски измени Министерството за Правда согласно својата политика на отвореност кон граѓанско општество ја исказува својата спремнос на соработка со невладините организации при реформи на законската регулатива.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
м-р Бојан Маричиќ

Копие до:
Влада на Р.Северна Македонија
Генераклен секретаријат
Одделение за соработка со
невладини организации
Врска:Ваш број 43-8938/1
од 28.09.2020 година
Изработил:Татјана Тасевска помлад соработник
Контролирал: Мира Димишковска, раководител на одделение


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification